# „Задолжително е за секој муслиман најмалку еднаш во седум дена да се искапе, при што ќе ја измие главата и телото.“

Од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол: „Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, вели: „Задолжително е за секој муслиман најмалку еднаш во седум дена да се искапе, при што ќе ја измие главата и телото.“

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нè известил дека е обврска за секој разумен и полнолетен муслиман да се искапе еднаш неделно, при што ќе ја измие главата и телото, со цел да се очисти и уреди. Најприкладен ден за ова капење е петок, како што се подразбира од други верзии на хадисот. Капењето во петок, пред џума-намазот, е силно препорачано (потврден сунет), дури и ако некој се избањал ден претходно — во четврток. Доказ дека тоа капење не е строго задолжително е изјавата на Аиша, радијаллаху анха: „Луѓето работеа напорно и доаѓаа на џума во својата работна облека, па им беше речено: ‚Уште кога би се избањале‘“. – го пренесува Бухари. Во друга негова верзија се додава: „Имаше непријатен мирис – како потење и слично – па сепак им беше само препорачано: „Уште кога би се избањале“. А ако за нив не беше задолжително, тогаш за другите е уште помалку.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65084